Халкбанк АД Скопје е брзорастечка банка составена од тим од млади, амбициозни и мотивирани вработени. Во согласност со нашата стратегија, ние сме секогаш отворени за нови, едуцирани, трудољубиви, високо мотивирани и талентирани кандидати за вработување. Истовремено, на членовите на нашиот тим им нудиме одлични работни услови, конкурентни примања и бенефиции, како и континуиран кариерен и професионален развој, кои што ја рефлектираат улогата на Банката како водечка финансиска институција во локалниот финансиско-банкарски сектор.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на нововработени лица на следната работна позиција:

Референт во Одделение за управување со портфолио кредитен ризик, Дирекција за управување со ризици во Централата на Халкбанк А.Д. Скопје
Референца Бр. 017/2026

Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:

- Завршено најмалку Високо образование;
- Вид на завршено образование: Економски Факултет-Финансии/Математика/Статистика
- Работно искуство на иста или слична позиција;
- Одлични познавања на англиски јазик;
- Познавање на други јазици ќе се смета како предност;
- Напредно познавање на Microsoft Office и алатки за анализа на податоци.

Истовремено, кандидатот треба задолжително да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:

- Претходно работно искуство поврзано со активности во сегментот на кредитен ризик
- Одлични комуникациски вештини;
- Познавање на законската регулатива
- Подготвеност за учење и да работење со најнова компјутерска технологија;
- Професионален пристап кон работните обврски;
- Ефикасно управување со време, приоритети и почитување рокови;
- Чесност и доверливост;
- Ориентираност кон решавање на проблеми, креативно и критичко размислување;
- Способност за тимска работа.

За оваа работна позиција, кандидатот пожелно е да поседува најмалку 2 години работно искуство, познавање и способности за вршење на дел од следните работните задачи, кои што ќе бидат должност на вработениот ангажиран на горенаведената позиција:

- Изготвување на извештаи за изложеноста на Банката за кредитен ризик, кои што се поврзани со интерни, регулаторни или ревизорски цели;
- Учество во подготовка и спроведување на разни стрес-тест сценарија за изложеноста на банката на кредитен ризик;
- Учество во изготвувањето и подобрувањето на моделите за управување со кредитен ризик;
- Учество во имплементација и интеграција на рамката за управување со ризици во секојдневните активности на Банката;
- Подготовка на останати анализи и презентации

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **18.11.2026 година** на следниов е-маил: **career@halkbank.mk** со назнака: **Референца Бр. 017/2026 – Референт.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик, мотивациско писмо и препораки. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.